ОПШТИНА ШТИП

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ "ИСАР" п.о. ШТИП
Примено: 10.08.2026
Орг. единица: 04 | Број: 1041/2 | Вредност

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-5439/2*
*07.08.2026 година*
*Штип*

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" број 275/19 и 89/22), член 50, став 1, точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општината Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип донесе:

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА – ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО - ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ „ИСАР" ШТИП

1. За вршител на должноста - Директор на Јавното претпријатие за комунално - производни и услужни дејности „Исар" Штип, се именува **Александар Арсовски од Штип.**

2. Вршителот на должноста - директор ќе ги има сите права и обврски како Директор на ЈП „Исар" Штип, сметано од 08.08.2026 година

3. Се задолжува вршителот на должноста – директор во рок од 3 (три) дена со разрешениот директор да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должност - директор ќе се извршува се до изборот на Директор на Јавното претпријатие за комунално - производни и услужни дејности „Исар" Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

*Образложение*

За вршител на должноста - Директор на Јавното претпријатие за комунално - производни и услужни дејности „Исар" Штип се именува Александар Арсовски од Штип, врз основа на на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" број 275/19 и 89/22), како и врз основа на член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општината Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21).

Вршителот на должноста - Директор ќе ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната странка против ова Решение има право да поднесе жалба во рок од 8 дена од приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник,**
**Иван Јорданов**

*Доставено до:*

- *Именуваниот*
- *ЈП Исар*
- *Одделение за правно- нормативни работи и поддршка на Советот*
- *Архива*